*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
**за извршен контролен инспекциски надзор**

ИП1 Број : 64 – 429
Датум : 18.03.2025 год.

**1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Марија Дамјановска |
| Седиште/ адреса на субјектот | ул. [redacted] |
| Адреса за е – пошта | / |
| Телефон | 00389 [redacted] |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | / |
| Број на жиро сметка на субјектот | / |
| Банка депонент | / |

Одговорно/и лице/а на субјектот :

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Марија Дамјановска | | |
| | | |

**2 ) Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | | 3.КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 17.03.2025 | 12:30 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Градба од член 73 од Законот за градење - настрешница | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | колективна станбена зграда | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | ул. [redacted], КПбр. 2660/9, КО Карпош | | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :**

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец ___________ год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. ___________ од ___________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. ___________ од ___________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор ИП1бр. 64 - 429 од 31.01.2025 год.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :**

1. Душко Андонов – општински градежен инспектор

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:**

Вршење на контролен инспекциски надзор по предходно издадено Решение за опомена ИП1бр. 64 – 429 од 31.01.2025 год., а во врска со градба од член 73 од Законот за градење – настрешница поставена на колективна станбана зграда на ул. „Њу Делхиска„ бр. 4/3 , КПбр. 2660/9, КО Карпош.

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор :**

1. ~~Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) :

Контролен инспекциски надзор по предходно издадено Решение за опомена ИП1бр. 64 – 429 од 31.01.2025 год.

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :**

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :**

| Име и Презиме | Во својство : |
|---|---|
| | |
| | |

9) **Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

При извршен контролен инспекциски надзор на лице место од страна на општински градежен констатирано е дека инвеститорот Марија Дамјановска не постапила по насоките дадени во Решението за опомена ИП1бр. 64 - 429 од 31.01.2025 год. претено преку поштенските служби до инвеститорот, вратено со назнака „НЕ ПОБАРАЛ„ односно не ги отстранил неправилностите констатирани во Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 429 од 26.11.2024 год. а во врска со поставена градба од член 73 од Законот за градење – настрешница поставена на фасадниот ѕид од северната страна на колективнтата станбена зграда на ул. „Њу Делхиска„ бр. 4/3 , КПбр. 2660/9, КО Карпош, над балконот од стан број 6, сопственост на Марија Дамјановска, видно од имотен лист број 29613, конзолно поставена, со димензии 0.50x0.50 + 2.0x0.50 + 0.50x0.50 m, изведена од метални профили покриена со едноводен кров од плексиглас.

- врз основа на која (да се заокружи само едно) :

1. ~~Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот;~~
2. Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што се превземени следните мерки :

Поради тоа што инвеститорот Марија Дамјановска не постапила по насоките дадени во Решението за опомена ИП1бр. 64 - 429 од 31.01.2025 год. претено преку поштенските служби до инвеститорот, вратено со назнака „НЕ ПОБАРАЛ„ односно не ги отстранил неправилностите констатирани во Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 429 од 26.11.2024 год. а во врска со поставена градба од член 73 од Законот за градење – настрешница поставена на фасадниот ѕид од северната страна на колективнтата станбена зграда на ул. „Њу Делхиска„ бр. 4/3 , КПбр. 2660/9, КО Карпош, над балконот од стан број 6, сопственост на Марија Дамјановска, видно од имотен лист број 29613, конзолно поставена, со димензии 0.50x0.50 + 2.0x0.50 + 0.50x0.50 m, изведена од метални профили покриена со едноводен кров од плексиглас, согласно член 135 став 1 алинеја 3 ќе се издаде Решение за отстранување..

**11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои <u>НЕМАШЕ / ИМАШЕ</u> забелешки.**

12) **Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот :**

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор : | | Печат и потпис на инспекторот : | |
|---|---|---|---|
| Датум : | | Датум : | 18.03.2021 |

*Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.*

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ*
***Одделение за урбанистичка и градежна инспекција***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1Број: 64 – 446
Датум: 02.01.2025 год.
Ознака на дневник : 55

Сектор инспекторат на Општина Карпош преку лиценциран општински градежен инспектор Душко Андонов со службена легитимација број 79–0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај инвеститорот ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„1550" бр.13 - Визбегово и со Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 446 од 06.12.2024 година, ја утвди фактичката состојба и врз основа на член 137 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на РМ " бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/.20, 227/22 и 111/23), и член 83 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РМ" бр. 102/2019), го донесе следното :

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОПОМЕНУВА ИНВЕСТИТОРОТ** ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„1550" бр.13 - Визбегово, матичен број 7296088 и ЕДБ МК4038018513490 , управител Еливис Хот, да ги **ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ** утврдени со Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 446 од 06.12.2024 год. и тоа:

Градби од член 73 од Законот за градење – настрешница со димензии 6.00 x 3.00 m и висина H = 2.00 – 2.30 m, од метални профили, покриена со едноводен кров од кровен сендвич панели, поставена на КПбр. 518/7 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 2088 $m^2$, видно од имотен лист број 53895 и настрешница со димензии 11.0 x 5.00 m и висина H = 2.50 – 3.00 m составена од метални профили, делумно покриена со пластифицирана мрежа, поставена на КПбр. 547/1 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 400.0 $m^2$, видно од имотен лист број 5891.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **10 (ДЕСЕТ) ДЕНА** од денот на приемот на истото

2. Инвеститорот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
3. Трошоците за извршување на Решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето на истото.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Сектор инспекторат на Општина Карпош, врз основа на член 128, член 131 и член 132 од Законот за градење ("Службен весник на РМ " бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/.20, 227/22 и 111/23 ) и член 82 од Законот за инспекциски

надзор ("Службен весник на РМ" бр. 102/2019), преку општински градежен инспектор Душко Андонов, со службена легитимација број 79–0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај инвеститорот ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„1550" бр.13 - Визбегово и со Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 446 од 06.12.2024 година, во која констатира :

Инвеститорот ДПТУ „Делта Центар„ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, управител Еливис Хот, без Решение за изведување има поставено градби од член 73 од Законот за градење – настрешница со димензии 6.00 x 3.00 m и висина H = 2.00 – 2.30 m, од метални профили, покриена со едноводен кров од кровен сендвич панели, поставена на КПбр. 518/7 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 2088 m², видно од имотен лист број 53895 и настрешница со димензии 11.0 x 5.00 m и висина H = 2.50 – 3.00 m составена од метални профили, делумно покриена со пластифицирана мрежа, поставена на КПбр. 547/1 КО Карпош, земјиште сопственост на ДТ „СМС Шопс„ ДООЕЛ – Скопје, во површина од 400.0 m², видно од имотен лист број 5891.

Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување, согласно член 137 став 5 од Законот за градење.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА** : Против ова Решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението преку првостепениот орган до државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 64 – 446 од 02.01.2025 год.

ОПШТИНСКИ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

Душко Андонов, дги.
службена легитимација број 79–0003

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен вонреден инспекциски надзор

**ИП1 Број : 68-75**
**Датум : 27.02.2025 год.**

**1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Сопственици на посебни делови преку Друштво за производство трговија и услуги Виртус Елиас ДООЕЛ Скопје како нивен управител |
| Седиште/ адреса на субјектот | Брадфордска 2, Скопје |
| Адреса за е – пошта | virtus.elias@gmail.com |
| Телефон | 08/6111-400 |
| Матичен број на субјектот | 6459420 |
| Даночен број на субјектот | 4080009501167 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 210064594200110 |
| Банка депонент | НЛБ Тутунска Банка |

Одговорно/и лице/а на субјектот :

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Боро Цветковски | 078454458 | virtus.elias@gmail.com |
| | | |
| | | |

**2 ) Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. ВОНРЕДЕН | | |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 27.02.2025 год | 10.00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Друштво за прозиводство трговија и услуги Виртус Елиас ДООЕЛ Скопје | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Управување со колективни станбени згради | | |

| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | ул. Бриселска бр. 6, Скопје |
|---|---|

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :**

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец 02.2025 год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. __________ од __________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. __________ од __________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор бр. __________ од __________ год.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :**

1. Богданка Милошевиќ Мучева – општински инспектор за домување

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:**

1. Предмет на надзорот е вршење на вонреден инспекциски надзор по пријава заверена под бр. 62-5876/1 од 19.08.2024 година година доставена од Марјана Крстева и Глигор Кушоски , со адреса на ул. Бриселска бр.[redacted], Скопје, која се однесува на непостапување по член 134 став 1 од Законот за домување од страна на сопствениците на посебни делови во колективната станбена зграда. Записникот е составен во канцелариите на Сектор Инспекторат

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор :**

1. ~~Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) :

Се врши вонреден инспекциски надзор

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :**

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| 1. Боро Цветковски – управител | 1. [redacted] | Virtus.elias@gmail.com |

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :**

| | Име и Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

На ден 19.08.2024 година до Општина Карпош, Сектор Инспекторат е доставена иницијатива за инспекциски надзор бр. 62 - 5876/1 од Марјана Крстева и Глигор Кушоски , со адреса на ул. Бриселцка бр[redacted] Скопје, која се однесува на непостапување по член 134 став 1 од Законот за домување од страна на сопствениците на посебни делови во колективната станбена зграда. Инспекторот првично пробал со разговор со некои од сопствениците да укаже дека истите мора да постапат согласно член 134 став 1 од Законот за домување, односно се должни да определат управител или да регистрираат Заедница на сопственици, но во текот на неколку месеци не било постапено согласно Закон.

При направени напори да се најдат сите сопственици согласно имотен лист, инспекторот на ден 19.02.2025 година пратил покана до сите сопственици од влез 2, за присуство на ден 27.02.2025 година , со причина да се задолжат сите сопственици да постапат согласно горенаведените задолжувања. На ден 25.02.2025 година инспекторот бил известен дека станарите веќе постапиле по задолженијата , односно на ден 03.02.2025 година склучиле Договор за вршење управувачки услуги бр. 0307/047-554 помеѓу Сопственици на посебни делови на зградата на ул. Бриселска бр. 6, Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги Виртус Елиас ДООЕЛ Скопје.

Од причина што нема повеќе услови за поведување на инспекциска постапка односно е постапено по член 134 од Законот за домување, со овој записник постапката ќе се запре.

**врз основа на која (да се заокружи само едно) :**

1. **не се утврдени никакви неправилности во текот на надзорот над субјектот на надзор и постапката се запира поради неутврдени неправилности ;**
2. ~~утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се превземени следните мерки :~~

11) **Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои НЕМАШЕ / ИМАШЕ забелешки.**

12) **Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот :**

- ___
- ___
- ___
- ___

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор : | | Печат и потпис на инспекторот : | |
|---|---|---|---|
| Датум : | | Датум : | 27.02.2025 година |
| *Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.* | | | |

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1Број: 68 – 97
Датум: 27.02.2025 година
Скопје

ДО
Претседател на ЗС – [redacted]
ул. Партизански Одреди бр. 72/21 , Скопје
Скопје

ПРЕДМЕТ: **ПОКАНА ЗА СТРАНКА**

**ПОЧИТУВАНИ,**

Во врска со пријава бр. 68-1853/1 од 18.02.2025 година, во која пријавителот посочува дека со средства од заедничкиот фонд биле поправани домофони, но на 12 стана не им било овозможено користење на домофоните односно истите за нивните станови не била извршена поправка со што се ставени во неповолна состојба во однос на другите станари бидејќи не можат да го користат системот за отварање на врата преку домофон, потребно е на ден 07.03.2025 година во 12.00 часот да дојдете во Општина Карпош, канцеларија на Сектор Инспекторат која се наоѓа во училиштето "Лазо Трповски", Карпош 3, а се влегува од задниот влез на училиштето до кој се пристапува од ул. "Драгиша Мишовиќ".
Потребно е со себе да носите лична карта, тековна состојба од Заедницата на станари, завршен извештај за 2023 год и за 2024 година, сите одлуки ко исе донесени и согласно кои се трошени заедничките средства за тие две години како и сите релевантни докази кои произлегуваат од барањето и доколку на увидот не присуствува Претседателот на Заедницата, потребно е лицето со себе да носи полномошно.
Доколку не се отповикате на дадениот термин, ќе се пристапи кон покренување на инспекциска постапка во Ваше отсуство и ќе се поведе прекршочна постапка за несоработка со инспекциски служби со прекршочен платен налог на износ 250 евра согласно член 98 став 4 од Закон за инспекциски надзор.
За промена на терминот или било какви дополнителни информации, побарајте ме на 078-485-987.

**ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ДОМУВАЊЕ**
**Богданка М. Мучева дипл.прав.**

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР
ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 66 - 7
Датум: 20.02.2025
Скопје

Врз основа на член 14-а став (1) алинеа 2 од Закон за урбано зеленило, инспекторот издава,

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ (ПН)**
**( за одговорно лице во правното лице-[redacted] )**

**Име и презиме:** Васе Станчев

**Единствен матичен број :**
[redacted]

**Адреса :**
[redacted]

**Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа :**
[redacted]

**Податоци за правното лице:**

**Назив:**
Барка Интернационал, увоз извоз

**Седиште:**
Ул. Никола Парапунов, бр.2-4, Скопје

**Единствен даночен број (ЕДБ):**
МК4057023565001

**Опис на прекршокот:** (...законска одредба која ја прекршува...)
Поставување на подвижни и неподвижни предмети на јавна површина

**Место и време на сторување на прекршокот :**
Ул. Никола Парапунов, бр.2-4, Скопје

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР**
**ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**Правна квалификација на прекршокот:** (...член и закон по кој се повикува инспекторот за сторен прекршок..)
Чл.14 а, став 1, алинеа 11 од Закон за јавна чистота (службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и „Службен весник на Република Северна МАкедонија“ бр. 122/21

**Записник за сторен прекршок:** (Ип1 бр. 66- 7 од 23.01. 2025 година

да плати глоба во износ од **300 евра** во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, назив-Буџет на Општина Карпош, банка на примач- Народна банка на РМ со **Уплатна сметка:** 7790141157 63010, **Приходна шифра:** 725939-00, **Програма:** 00, цел на дознака- глоба за прекршок на ИП1 бр. 66 - 7 (се уплатува на ПП 50 образец) и оригинал од уплатницата да достави на адреса: Општина Карпош-Сектор Инспекторат ул. Радика бр. 9 – Скопје

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од **осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот налог и веднаш да се достави доказ за извршена уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог.
Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од **осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба.
Ако сторителот не ја плати глобата во рок од **осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд односно до Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Сторител на прекршок**

**Васе Станчев**

име,презиме и своерачен потпис

М.П.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ 1

**Овластен комунален инспектор**
Ирена Милевска

име,презиме и своерачен потпис

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ИП1 Број: 66 -7**
**Датум: 20.02.2025**
**Скопје**

Општина Карпош-Сектор Инспекторат

**ИП1 Број: 66 - 7**
**Датум 20.02.2025 год. Во10:00 часот**

Врз основа на член 38 став (2) од Законот за јавна чистота, инспекторот издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

- (за правно лице)
- (за правно лице – сопственик или управува со јавен објект)
- (за правно лице – сопственик односно корисник на јавен објект)
- (за трговец поединец)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ |
|---|---|

| Назив<br>Барка Интернационал, увоз извоз | Даночен број<br><br>МК4057023565001 |
|---|---|
| Седиште<br><br>Ул. Никола Парапунов, бр.2-4, Скопје | Жиро сметка и деловна банка<br><br>270076711560106, Халк банка Скопје |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| Име и презиме<br>Васе Станчев | ЕМБГ<br>[redacted] |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Датум, место и држава на раѓање<br>26.04.1965<br>Скопје<br>Македонија | Занимање<br><br>угостител | Адреса на живеалиште или на привремен престој<br><br>[redacted]копје |
| Број на лична карта/ патна исправа<br><br>[redacted] | Датум и место на издавање<br><br>20.10.2017 | Орган кој ја издал<br><br>МВР Скопје |

| | |
|---|---|
| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК |

| | |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | 17.01.2025 во 10:00 ч<br>Барка Интернационал ДОО увоз извоз, СКопје |
| Опис на прекршокот | Поставување на урбана опрема на јавна површина без Одобрение за поставување на урбана опрема. |
| Правна квалификација на прекршокот | Чл.14 а, став 1, алинеа 11 од Закон за јавна чистота (службен весник на Република Македонија бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и „Службен весник на Република Северна МАкедонија“ бр. 122/21 |
| Записник за сторен прекршок | Предмет ИП1 Бр. 66-7 од дата 17.01.2025 |
| Износ на утврдената глоба за прекршок | 1000 евра, во денарска противвредност |
| Сметка за плаќање на глобата | На образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, назив – Буџет на Општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош, **банка на примач** – Народна банка на РСМ, **уплатна сметка** 7790141157 63010, **приходна шифра** 725939-00 и **програма** 00, со цел на дознака – уплата за прекршок на Ип1 бр. 66 – 7 дата 20.02.2025 и оригинал од уплатницата да достави на адреса Општина Карпош – Сектор Инспекторат |

ПРАВНА ПОУКА : Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во **прекршочниот платен налог во рок од осум дена** од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерствот за транспорт и врски.

Сторител на прекршок
Васе Станчев
Име, презиме и своерачен потпис

М.П.

Овластен комунален инспектор
Ирена Милевска
Име, презиме и своерачен потпис

ОПШТИНА КАРПОШ
ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор
ИП1бр: 71-88
Датум: 28.02.2025 год.

1)Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | ООУ „Аврам Писевски" | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул: „2" бр. 10 с. Бардовци | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | 02/3095449 | |
| Матичен број на субјектот | 4105273 | |
| Даночен број на субјектот | 4030995210984 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 779010444890310 | |
| Банка депонент | НБРСМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| В.д. Александра Смилкоска | [redacted] | director@oouavrampisevski.edu.mk |

2)Податоци за инспекцискиот надзор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3.КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 26.02.2025 | | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 26.02.2025 | | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ООУ „Аврам Писевски" | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Основно образование | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот/ | Ул: „2" бр. 10 с. Бардовци | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:
- месечен план за работа на инспекциската служба за месец 02.2025 год.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:
-Даниела Кочоска, општински просветен инспектор;

5) Предмет на инспекцискиот надзор:
- условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од општината;

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:
1. Употребени листи за проверка:
Употребена е листа за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој записник, доставена до училиштето на ден 20.02.2025 год.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од директорот на училиштето:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта/E-posta |
|---|---|---|
| В.д. Александра Смилкоска | [redacted] | director@oouavrampisevski.edu.mk |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| Павлина Стојковска | секретар |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Врз основа на извршениот непосреден увид во евиденцијата и документацијата на училиштето за условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од општината и разговорот воден со присутните на надзорот на ден 26.02.2025 год. е констатирано:
За реализација на наставниот план и програма за учебната 2024/2025 год. училиштето објавило Јавен оглас бр: 02-29/1 од 23.01.2025 год. за 5 работни места за постојано работно место и 1-но работно место на определено работно место, до денот на престанување на вршењето на функцијата директор во самото училиште, согласно член 9 став 1, став 2 и став 4 и член 10 став 1 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.).

Согласно член 10 став 2 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.), за работните места наставник по ликовно образование, наставник по македонски јазик и литература и наставник по техничко образование и информатика примени се тројца наставници со неполн фонд на наставни часови од друго училиште во општината, по претходно обезбедена соглсност од МОН. Наставникот по ликовно образование и оригами ги исполнува условите утврдени во членот 3 став 1 и членот 4 став 1 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.), односно има високо образование со Сертификат бр: 08-135/99 од 30.06.2015 год. за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка и положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж. Наставникот по македонски јазик и литература е наставник-приправник и согласно член 2 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.) в.д. директорот од матичното училиште „Лазо Трповски“ именувал ментор со Одлука бр: 02-28/34 од 12.09.2024 год. Наставникот по техничко образование и информатика е вработен со високо образование на ненаставна група студии и утврдени со нормативот за наставен кадар во наставната програма согласно член 11 став 1 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.). Наставникот по јазик и култура на Ромите е вработена согласно член 11 став 1 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.), нормативот за наставен кадар во наставната програма и со Потврда бр: 18-941/1 од 04.11.2022 год. за студент на филолошкиот факултет при тетовскиот универзитет.

За работните места педагог и наставник по физичко и здравствено образование примени се наставник и стручен соработник кои имаат соодветно високо образование и положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж и работно искуство во самото училиште, согласно членот 3 став 1 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Сл.весник на РСМ“ бр: 161/19 год.).

- врз основа на која:

не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор, затоа постапката се **ЗАПИРА**;

11) Со содржината на овој записник и со утврденат фактичка, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот кој **ИМАШЕ/НЕМАШЕ** забелешки.

Доколку училиштето има забелешки, може писмено да се произнесе по овој Записник во рок од 8 (осум) дена по приемот на истиот во согласност на член 82 став 4 од Законот за инспекциски надзор. Ако училиштето не се произнесе по овој Записник во предвидениот рок, се смета дека се согласува со наводите во истиот.

**Забелешка:**
Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор и околностите на работа, записникот е составен во службените простории на инспекциската служба согласно член 82 став 3 од Законот за инспекциски надзор со сите измени и дополнувања.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум | | Датум | 28.02.2025 год. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините:

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Ип1 Број: 68 -45
Датум: 28.02.2025
Скопје

Секторот инспекторат – Одделение за комунална инспекција преку општински инспектор за домување, Богданка М. Мучева, дипл. правн. со службена легитимација број 79-0001 , изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Јаневски Тихомир – Претседател на ЗС со адреса на ул. Драгиша Мишовиќ бр.[redacted] Скопје, со Записник Ип1 бр. 68-45 од 04.02.2025 година за домување, врз основ на член 120 став 2 од Законот за домување ("Службен весник на РМ " бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 ,64/18,302/20 и 150/22), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) **СЕ ОПОМЕНУВА** Јаневски Тихомир – Претседател на ЗС со адреса на ул. Драгиша Мишовиќ бр.[redacted] Скопје Скопје,да **ГИ ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ УТВРДЕНИ СО** Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр. 68-45 од 04.02.2025 година Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение е **ВЕДНАШ** по денот на приемот

2) Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена , писмено и/или по електронска пошта dance.milosevic@karpos.gov.mk , да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3) Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Сектор инспекторат, врз основа на член 120 став 3 , од Законот за домување ("Службен весник на РМ " бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), преку општински инспектор за домување, Богданка Милошевиќ Мучева, дипл. правн. изврши вонреден инспекциски надзор во врска со пријава бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година од Верица Цолиќ со адреса на ул. Драгиша Мишовиќ бр.[redacted] Скопје, во врска со нејзино назначување како претставник во колективната станбена зграда од страна на управителот и за вршење надзор над работата на управителот.

Исто така, пријавителката побарала при разговор со инспекторот да се провери склучувањето на договорот со фирмата управител како и да се изврши надзор врз Претседателот на ЗС и неговото непостапување во смисла на неповедување на постапка за присилна наплата на долг на станари кои не ги подмируваат редовно своите обврски спрема Заедницата на сопственици. За претседателот ќе биде поведена посебна одвоена постапка.

Од страна на Верица Цолиќ до општинскиот инспектор за домување е доставена иницијатива за инспекциски надзор бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година, во која пријавува дека без нејзино знаење е назначен како член на одбор во зграга на ул. Драгиша Мишовиќ бр. [redacted], Скопје, каде и што живее, од страна на Претседателот на ЗС – Тихомир Јаневски и фирма управител Аеродом Дооел Скопје, кои ја управуваат зградата. Исто така, пријавителката побарала при разговор со инспекторот да се провери склучувањето на договорот со фирмата управител како и да се изврши надзор врз Претседателот на ЗС и неговото непостапување во смисла на неповедување на постапка за присилна наплата на долг на станари кои не ги подмируваат редовно своите обврски спрема Заедницата на сопственици. За фирмата управител АЕРОДОМ ДОО Скопје веќе е поведена посебна инспекциска постапка.

Во поглед на барањата за Претседателот на ЗС односно субјектот на надзор, инспекторот го повикал на увид во канцелариите на Сектор Инспекторат и истиот уредно се одзвал на ден 04.02.2025 година.

При увидот управителот Бошко Петковски напоменал дека Претседателот на ЗС во вибер група и понудил на пријавителката да биде претставник на станарите од нејзиниот влез, што е потврдено и од Претседателот Тихомир Јаневски и доставен е доказ за истото, увид во пораките во вибер групата, каде што пријавителката се изјаснила дека не сака да биде дел од надзорниот одбор како и дека не сака да биде претставник на влезот , по што таа не е избрана за понудената функција.

При увидот бил доставен договорот за управувачки работи како и тековна состојба на фирмата бр. 0805-50/150020240388541 од 06.11.2024 година.

При разгледување на документацијата како и изјавите на управителот Бошко Петковски и Претседателот на ЗС Тихомир Јаневски е констатирано дека при склучување на договорот со АЕРОДОМ Дооел Скопје, заедницата на сопственици не била избришана, спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување. Во текот на управувањето на фирмата управител во месеците 12.2024

и 01.2025 година, Заедницата на сопственици била активна, што значи дека договорот со фирмата не бил склучен согласно Закон и не биле исполнети условите за негово склучување. Исто така е констатирано и дека самото назначување на спомената фирма не е согласно член 18 став 1, односно не е донесена Одлука за определување управител со гласање на половина од сопствениците на посебните делови.

Од таа причина, инспекторот донел Решение за Опомена за раскинување на Договорот за управувачки услуги Ип1 бр. 68-32 од 04.02.2025 година, ВЕДНАШ по приемот на истото, како и сторнирање на сметките за 01.2025 година. Констатирано дека сметките за 01.2025 година треба да ги издаде Претседателот на ЗС.

За сметката на 12.2024 година, од причина што услугата е доставена од страна на фирмата а дел од станарите веќе ја платиле сметката, не е целисходно ниту во интерес на станарите да се врши враќање на уплати кои после тоа повторно ќе треба да ги платат за истите услуги, и од таа причина таа сметка инспекторот смета дека уплатите треба да останат спрема давателот на услугите.

При вршење на увид во финансиската состојба на Заедницата, констатирано е дека има големи долгови на станарите спрема Заедницата, во износ од околу 160.000 денари. Од таа причина, ќе биде наложено на Претседателот на ЗС доколку во рок од 30 дена станарите не ги подмират своите долгови, да достави барање до инспекторот за постапување согласно член 126 став 1 ал 1 од Законот за домување, односно да се изготви прекршочен платен налог за сите станари кои не го подмириле својот долг во дадениот рок во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Исто така, од причина што е констатирано дека колективната станбена зграда склучила договор со управител спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување, Претседателот ќе биде опоменат доколку во иднина заедницата сака да склучи договор со управител, да претходно МОРА да ја избрише Заедницата на сопственици со Одлука на барем половина од сопствениците, па откако бришењето на истата ќе биде полноважно и спроведено, да со согласност на половина од сопствениците донесат Одлука за избор на управител.

За сето погоре наведено составен е Записник Ип1 бр. 68-45 од 04.02.2025 година.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против ова Решение незадоволната странка може да изјави Жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 68-45 од 28.02.2025 год.

ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ

____________________________

Богданка Милошевиќ Мучева, дипл.правн.

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен вонреден инспекциски надзор

**ИП1 Број : 64 - 62**
**Датум : 17.02.2025 год.**

### 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Сезен Лила |
| Седиште/ адреса на субјектот | ул. „Џон Кенеди„ бр. 2/1 - 22 |
| Адреса за е – пошта | / |
| Телефон | 00389 77 529 801 |
| Матичен број на субјектот | 2412972450077 |
| Даночен број на субјектот | / |
| Број на жиро сметка на субјектот | / |
| Банка депонент | / |

Одговорно/и лице/а на субјектот :

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Сезен Лила | 077/ 529 - 801 | |
| | | |

### 2 ) Податоци за инспекциски надзор :

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | 2. ВОНРЕДЕН | |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 17.02.2025 г. | 13:00 | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Градби од член 73 од Законот за градење – настрешница | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Атинска„ бр. 23, лок. 7, КПбр. 6146/3 КО Карпош | | |

### 3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец Февруари од 2025 год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. __________ од __________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. __________ од __________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор бр. __________ од __________ год.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :**

1. Душко Андонов – општински градежен инспектор

**5) Предмет на инспекцискиот надзор:**

Вршење на вонреден инспекциски надзор по предходно задолжена Иницијатива за инспекциски надзор бр. 64 – 893/1 од 28.01.2025 год. поднесена од страна на Менка Ивановска и Иницијатива за инспекциски надзор бр. 64 – 1063/1 од 30.01.2025 год. поднесена од страна на ДПТУУ „Станбен Управител„ ДООЕЛ – Скопје, а во врска со градба од член 73 од Законот за градење – настрешница, што се поставува на ул. „Атинска„ бр. 23, лок. 7, КПбр. 6146/3 КО Карпош, од страна на Сезен Лила.

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор :**

1. ~~Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) :

Вонреден инспекциски надзор – по предходно задолжена Иницијатива за инспекциски надзор бр. 64 – 893/1 од 28.01.2025 год. поднесена од страна на Менка Ивановска и Иницијатива за инспекциски надзор бр. 64 – 1063/1 од 30.01.2025 год. поднесена од страна на ДПТУУ „Станбен Управител„ ДООЕЛ – Скопје.

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :**

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Сезен Лила | 077/ 529 - 801 | |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :**

| | Име и Презиме | Во својство : |
|---|---|---|
| 1. | | |

**9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

Од страна на општинскиот градежен инспектор при Општина Карпош, а по предходно задолжена Иницијатива за инспекциски надзор бр. 64 – 893/1 од 28.01.2025 год. поднесена од страна на Менка Ивановска и Иницијатива за инспекциски надзор бр. 64 – 1063/1 од 30.01.2025 год. поднесена од страна на ДПТУУ „Станбен Управител„ ДООЕЛ – Скопје, на ден 31.01.2025 год. во 14:20 часот, изврши вонреден инспекциски надзор на ул. „Атинска„ бр. 23, лок. 7, КПбр. 6146/3 КО Карпош, и констатира дека инвеститорот Сезен Лила изведува градба од член 73 од Законот за градење – настрешница на западниот фасаден ѕид од колективната станбено – деловна зграда. Настрешницата е со димензии 5.00 x 3.00 m и висина H = 2.20 – 3.50 m, која се состои од метални профили, не покриена. Поради тоа на лице место составена е Покана за странка бр. 64 – 893/2 од 31.01.2025 год. со која се поканува инвеститорот Сезен Лила на ден 03.02.2025 год. во 11:00 часот да се отповика на поканата и да ја достави целокупната документација за предметната градба. На закажаниот термин, инвеститорот уредно се отповика, но не приложи никаква градежно-техничка документација, односно не поседуваше Решение за изведување, согласно член 73 и член 74 од Законот за градење.





- врз основа на која (да се заокружи само едно) :
  1. ~~Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот;~~
  2. Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што се превземени следните мерки :

Поради тоа што инвеститорот Сезен Лила, за предметната градба од член 73 од Законот за градење – настрешница што ја поставува на западниот фасаден ѕид од колективната станбено – деловна зграда и истата е со димензии 5.00 x 3.00 m и висина H = 2.20 – 3.50 m, која се состои од метални профили, не покриена на ул. „Атинска„ бр. 23, лок. 7, КПбр. 6146/3 КО Карпош, земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во површина од 1352.0 m$^2$, видно од имотен лист број 82085, ја изведува без Решение за изведување, согласно член 137 став 2 од Законот за градење ќе се донесе Решение за опомена.

**11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои <u>НЕМАШЕ / ИМАШЕ</u> забелешки.**

**12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор : | | Печат и потпис на инспекторот : | |
| Датум : | | Датум : | 17.02.2025 |

*Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.*

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 62 – 1585/3
Датум: 28.02.2025 година
Скопје

**До:**
**Друштво за управување со отпад**
**ГРЕЕН РОАД ДООЕЛ Скопје**
бул. Кочо Рацин бр. 75
Скопје

**ПРЕДМЕТ: НАЛОГ** за подигање отпадни возила по Договор бр. 03-7932/1 од 11.11.2024 година

За потребите на Општина Карпош– Скопје, потребно е да се изврши подигање на стари отпадни возила без регистарски таблички на територија на Урбана Заедница Карпош 3 и УЗ Карпош 4 во Општина Карпош на кои веќе е истечен рокот даден со налепница која е залепена на секое возило, а согласно Договорот за соработка бр. 03-7932/1 од 11.11.2024 година.
Подигањето на возилата да се изврши на ден 28.02.2025 година од 10.00 часот па се до конечно отстранување на подолу наведените возила.

**Отпадни возила кои треба да се подигнат се :**

